СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 08/25

Излегува по потреба 20.05.2025 година (вторник) бр. 08 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија

1. Се прогласува, Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 16.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-478/2 Општина Новаци
20.05.2025 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и ,,Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр.07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 16.05.2025 година донесе

ПРАВИЛНИК
за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.

Член 2

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Новаци на годишно ниво и се однесуваат на младите лица со место на живеење и постојано престојување во Општина Новаци до 26 годишна возраст, согласно Програмата за Локален економски развој за 2025 година на Општина Новаци бр.14-415/8 од 30.04.2025 г.

Член 3

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво, за еднократна парична помош, ќе се распределуваат на корисниците, барателите, според критериумот, да се млади лица до 26 годишна возраст, кои имаат регистрирано место на живеење и постојано престојување на територија на Општина Новаци.

Рокот за поднесување на Барање за исплата на средства согласно овој Правилник е во рамките на рокот даден при објавувањето на јавниот повик.

Младите лица до 26 годишна возраст треба да покажат дека местото на живеење и постојано престојување е во населено место на територијата на Општина Новаци а тоа се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација и со Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи.

Член 4

За секое младо лице до 26 години - жител на Општина Новаци што ги исполнува критериумите според овој правилник и објавен јавен повик, ќе се врши исплата на износ од **10.000,00 денари нето од ставка 464 990 – Други трансфери Програма А0 Совет на Општина**, во согласност со Програмата за Локален економски развој за 2025 година бр. 14-415/8 од 30.04.2025 година. Вкупниот износ на планирани

средства за оваа намена во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година изнесува 300 000,00 денари и истите ќе бидат распределени на барателите по принципот „прв дојден, прв услужен“ по редослед на аплицирање и исполнување на бараните услови до исцрпување на горенаведениот износ.

Средствата ќе се исплатат по доставување на доказ за помината обука од автошкола потребна за полагање на возачки испит за добивање на возачка дозвола од Б категорија. Доколку барателот не се пријавил и не посетувал ваква обука во тековната година по поднесеното барање и не поднесе доказ за помината обука најдоцна до 1 декември 2025 година, предвидените средства нема да му бидат исплатени.

Член 5

Подносителите на барање за добивање на субвенција на млади лица - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија се должни да приложат:

- фотокопија од лична карта од барателот или на еден од родителите на барателот;
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот или на еден од родителите на барателот;
- Потврда од Автошкола, за упис на кандидат за возач на возило;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични карти дека младите лица или нивните родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Новаци и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Новаци или надвор од Република Северна Македонија
- И З Ј А В А заверена на нотар за согласност за користење на личните податоци.

Член 6

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Новаци.

По истекот на рокот предвиден за поднесување на барања, Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци, врз основа на доставената документација, утврдува кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, и составува записник.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи барателот во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не ги исполнува условите за добивање на субвенција на млади лица - жители на Општина Новаци за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија и истиот ќе биде одбиен со решение по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 од овој член.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, Градоначалникот на Општина Новаци, ќе донесе Решение за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, во рок од 15 дена од приемот и комплетирањето на барањето.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, се доставува до Одделение за финансиски прашања во Општина Новаци.

По еден примерок од Решението за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, се доставува до барателот и до архива на Општина Новаци.

Средствата по барањето ќе се исплатат по доставување на доказ потврда од автошкола за посета на обука за возачки испит до Комисијата при Општина Новаци. Доколку барателот не достави потврда за упис во автошкола и посета на обука за возач на возило во тековната 2025 година по поднесеното барање најдоцна до 1 Декември 2025 г., предвидените средства нема да му бидат исплатени.

Член 8

Правилникот влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 16.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-478/3
20.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 16.05.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во нето износ од 700 000,00 денари, за организирање на „Фестивалот на жетвата “, што ќе се одржи на 18 и 19 јули 2025 год., кај манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“ во Новаци.

Член 2

Средствата за организирање на „Фестивалот на жетвата“ ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-454/5
16.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата“ - Новаци 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата“ - Новаци 2025 година , што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 16.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-478/4
20.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 16.05.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата“ - Новаци 2025 год.

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата “- Новаци 2025 год.

Член 2

Средствата ќе се користат исклучиво за потребите за организирање на „Фестивалот на жетвата“ - Новаци 2025 год.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-454/6
16.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово

1. Се прогласува, Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 16.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-478/5
20.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.05.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово.

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува набавка на градежен материјал (1000 ќерамиди, 35 капаци и 2м³ штици) за реконструкција на покривот на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-454/7
16.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси
во Општина Новаци

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Новаци , што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 16.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-478/6 Општина Новаци
20.05.2025 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 2 и 3 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24), член 2 став 2 од Законот за комунални такси („Сл. Весник на РМ" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Сл. весник на РСМ” бр. 151/21) и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци„ бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 16.05.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Новаци

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица што вршат дејност и од граѓаните утврдени со Законот на комунални такси.

Член 2

Висината на комуналните такси се утврдуваат во рамките утврдени со Тарифата за комунални такси како што следува:

ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ (износ во денари)

Тарифен број 1

За фирма односно назив на:

а) деловните простории на физички лица кои вршат дејност..... 2.300,00 денари

б)деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ..... 700,00 денари

в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично..... 4.000,00 денари

- деловни простории на правни лица од комуналните дејности..... 3.000,00 денари

-деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено..... 3.000,00 денари

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно..... 30,00 денари

Наплатата на таксата ја вршат угостителските, туристичките и други правни лица, другите даватели на угостителски и туристички услуги, физичките лица кои вршат туристичка и угостителска дејност.

Давателите на услуги, наплатената такса ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од м2 дневно..... 10 денари

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до седум дена..... 800 денари
- до 30 дена..... 1.300 денари
- до една година..... 1.600 денари

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали-

-годишно..... 6.500 денари

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плажа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност..... 1.200 денари
- за правни лица од областа на производството, прометот и услугите..... 2.400 денари

Тарифен број 7

За користење на плоштадите и друг простор во градовите и други населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно ..... 5 ден.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

- паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта дневно..... 25 д
- по саат..... 15 д
- паркирање на товарни моторни возила и автобуси дневно..... 100 д.
- паркирање на приколки – дневно..... 50 д.

Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика..... 70,00 денари
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика..... 100,00 денари
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика..... 130,00 денари
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика..... 300,00 денари
- за патнички возила над 1800 кубика..... 500,00 денари
- за товарни возила по тон носивост..... 100,00 денари
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници..... 700,00 денари
- за специјални возила..... 70,00 денари
- за сите видови мотоцикли..... 70,00 денари

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 КВч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Член 3

На обврзникот на комуналната такса, Градоначалникот на Општината му издава Решение за висината на комуналната такса.

Член 4

Наплатата на комуналните такси се врши без издавање на Решенија за:

- Користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност
- Користење на просторот за паркирање на моторни возила и нивните приколки, мотоцикли, мотори и велосипеди
- Истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места
- Користење и одржување на јавно осветлување
- Користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси на подрачјето на Општина Новаци бр. 07- 466/17 од 03.10.2005 година и Одлуката бр. 07-15/7 од 15.01.2008 година.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата“ во 2025 година;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата“ - Новаци 2025 година;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово;
5. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Новаци.

Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010
Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939